**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување превоз на живи животни

КЛ-крг-14
12-1-мк

[1] Според овие Посебни услови, осигурувачот покрива штети кои ќе настанат во текот на превозот на живи животни поради смрт, кршење на нога и присилно колење на животните.

[2] Осигурувањето, според овие Посебни услови, покрива и штети кои ќе настанат поради налог на надлежните органи, да се уништи цела пратка поради смрт на поголем дел од пратката со ситни животни (на пр. полжави, жаби, риби, пчели и слично).

[3] Осигурителното покритие започнува во моментот кога животните ќе почнат да се товараат на превозното средство, а завршува со истовар од превозното средство на истоварната рампа.

[4] Ова осигурување важи под услов, во текот на превозот и при попатни задржувања да е организирано чување, хранење, напојување и наводнување на животните. Штетата настаната како последица од неисполнување на овие услови, не е покриена со осигурувањето.

[5] Осигурувачот нема да ја надомести штетата настаната:
1) поради заразни болести или налог од овластен орган за присилно колење како последица на заразни болести од кои се заразени животните пред предавањето на превоз или веднаш по заштитното вакцинирање;
2) поради забрана на увоз или извоз на животни;
3) поради груба немарност на осигуреникот;
4) како последица на бременост;
5) како последица на вакцинирање;
6) на лица или на имот од трети лица.

[6] Осигурувачот нема да ги надомести штетите настанати како последица на неправилен утовар или истовар на животните. Се подразбира дека утоварот односно истоварот е правилен доколку, помеѓу останатото, се користи и соодветна утоварна односно истоварна рампа.

[7] Пред почетокот на превозот, животните мора да ги прегледа надлежен ветеринар и да приложи потврда за нивната здравствена состојба.

[8] Во случај на смрт или присилно колење, односно убивање, осигуреникот мора закланото или мртвото животно најповолно да го вреднува или на друг начин, најповолно да го искористи.

[9] Ова осигурување се договара со одбитна франшиза, наведена во полисата за осигурување.

[10] Осигурувањето според овие Посебни услови се склучува доколку претходно е договорено осигурување според Општите услови за осигурување на стока во превоз и според Посебните услови за осигурување на стока во превоз против сите ризици КЛ-крг-2.